# ЗАКОН ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ ДОКУМЕНТИ, ЕЛЕКТРОНСКА ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ДОВЕРЛИВИ УСЛУГИ

https://trusteid.mdt.gov.mk/wp-content/uploads/2020/08/%D0%97%D0%95%D0%94%D0%95%D0%98%D0%94%D0%A3-%D0%9A%D0%9E%D0%9D%D0%A1%D0%9E%D0%9B%D0%98%D0%94%D0%98%D0%A0%D0%90%D0%9D-%D0%A2%D0%95%D0%A1%D0%9A%D0%A2-2020-1.pdf

НЕОФИЦИЈАЛЕН КОНСОЛИДИРАН ТЕКСТ

(„Службен весник на Република Северна Македонија) бр. 101/19 и 275.19

Со овој закон се врши усогласување со регулатива (ЕУ) бр, 910/2014 на Европскиот Парламент и на советот од 23 јули 2014 за електронска идентификација и доверливи услуги за електронски трансакции во внатрешниот пазар и за укинување на Директива 1999/93/Е3 со CELEX број 32014R0910.

## 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Цел

### Член 2

(1) Целта на овој закон е обезбедување на безбедноста на средствата за електронска идентификација и безбедност при обезбедување доверливи услуги.

(2) Цел на овој закон е уредување на електронските потписи, електронските печати, електронските временски жигови, електронските документи, услугите за електронска препорачана достава, услугите за проверка на автентичност на веб страници, како и зачувувањето на електронскиот потпис и печат и нивна валидација.